1820 Službeni vesnik SR Makedonije 91001 Skopje fah 51


# СЛУЖ[...]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧ[...]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Ср[...]

БЕЛГРАД

БРОЈ 65 ГОД. XXIX

[...] на овој број е 10 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756


897.

Врз основа на член 100 од Уредбата за запишувања во судскиот регистар на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/73), сојузниот секретар за правосудни и општи управни работи пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ВОДЕЊЕТО НА СУДСКИОТ РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

#### I. Општи одредби

1. Со ова упатство се пропишуваат обрасците и штембилите, што се употребуваат за запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд (во понатамошниот текст: судскиот регистар) и начинот на нивното пополнување и употребување, како и начинот на водењето на помошните книги и на збирката на исправите.

2. Во постапката на запишувањето во судскиот регистар се употребуваат следните обрасци, и тоа:

1) **Образец ПОЗТ бр. 1** — Пријава за запишување во судскиот регистар на организацијата на здружениот труд;

2) **Образец ПОЗТ бр. 1а** — Решение за запишувањето во судскиот регистар на организацијата на здружениот труд;

3) **Образец ПСП бр. 2** — Пријава за запишување на статусната промена на организацијата на здружениот труд во судскиот регистар;

4) **Образец ПСП бр. 2а** — Решение за запишувањето на статусната промена на организацијата на здружениот труд во судскиот регистар;

5) **Образец ПБ бр. 3** — Пријава за запишување на бришењето односно на престанокот на организацијата на здружениот труд во судскиот регистар;

6) **Образец ПБ бр. 3а** — Решение за запишувањето на бришењето односно на престанокот на организацијата на здружениот труд во судскиот регистар;

7) **Образец ПП бр. 4** — Пријава за запишување на промените на податоците запишани во судскиот регистар;

8) **Образец ПП бр. 4а** — Решение за запишувањето на промените на податоците запишани во судскиот регистар;

9) **Образец ДЕ бр. 5** — Пријава за запишување во судскиот регистар на деловната единица што има одредени овластувања во прометот на стоки и услуги;

10) **Образец ДЕ бр. 5а** — Решение за запишувањето во судскиот регистар на деловната единица што има одредени овластувања во прометот на стоки и услуги;

11) **Образец ДОЗТ бр. 6** — Додаток на пријавата за запишување на конституирањето на основната организација на здружениот труд во судскиот регистар;

12) **Образец ДОЗТ бр. 6а** — Решение за запишувањето на конституирањето на основната организација на здружениот труд во судскиот регистар;

13) **Образец РЛ/1 бр. 7** — Прилог кон пријавата: фирма односно назив и седиште на организацијата на здружениот труд;

14) **Образец РЛ/1 бр. 7а** — Прилог кон решението: фирма односно назив и седиште на организацијата на здружениот труд;

15) **Образец РЛ/1 бр. 7б** — Регистарски лист: фирма односно назив и седиште на организацијата на здружениот труд;

16) **Образец РЛ/1А бр. 8** — Прилог кон пријавата: назив, седиште и одговорност на основачот;

17) **Образец РЛ/1А бр. 8а** — Прилог кон решението: назив седиште и одговорност на основачот;

18) **Образец РЛ/1А бр. 8б** — Регистарски лист: назив, седиште и одговорност на основачот;

19) **Образец РЛ/2 бр. 9** — Прилог кон пријавата: предмет на работењето (дејноста);

20) **Образец РЛ/2 бр. 9а** — Прилог кон решението: предмет на работењето (дејноста);

21) **Образец РЛ/2 бр. 9б** — Регистарски лист: предмет на работењето (дејноста);

22) **Образец РЛ/2А бр. 10** — Прилог кон пријавата: облик (вид) на надворешнотрговскиот промет;

23) **Образец РЛ/2А бр. 10а** — Прилог кон решението: облик (вид) на надворешнотрговскиот промет;

24) **Образец РЛ/2А бр. 10б** — Регистарски лист: облик (вид) на надворешнотрговскиот промет;

25) **Образец РЛ/3 бр. 11** — Прилог кон пријавата: овластувања и одговорност на организацијата на здружениот труд во правниот промет со трети лица;

26) **Образец РЛ/3 бр. 11а** — Прилог кон решението: овластувања и одговорност на организацијата на здружениот труд во правниот промет со трети лица;

27) **Образец РЛ/3 бр. 11б** — Регистарски лист: овластувања и одговорност на организацијата на здружениот труд во правниот промет со трети лица;

28) **Образец РЛ/4 бр. 12** — Прилог кон пријавата: имиња на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд;

29) **Образец РЛ/4 бр. 12а** — Прилог кон решението: имиња на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд;

30) **Образец РЛ/4 бр. 12б** — Регистарски лист: имиња на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд;

31) **Образец РЛ/4А бр. 13** — Прилог кон пријавата: имиња на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд во надворешнотрговскиот промет;

32) **Образец РЛ/4А бр. 13а** — Прилог кон решението: имиња на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд во надворешнотрговскиот промет;

33) **Образец РЛ/4А бр. 13б** — Регистарски лист: имиња на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд во надворешнотрговскиот промет;

34) **Образец РЛ/5 бр. 14** — Прилог кон пријавата: основни организации и заедници на основните организации на здружениот труд;

35) **Образец РЛ/5 бр. 14а** — Прилог кон решението: основни организации и заедници на основните организации на здружениот труд;

36) **Образец РЛ/5 бр. 14б** — Регистарски лист: основни организации и заедници на основните организации на здружениот труд;

37) **Образец РЛ/5А бр. 15** — Прилог кон пријавата: назив и седиште на деловната единица со одредени овластувања во прометот на стоки и услуги;

38) **Образец РЛ/5А бр. 15а** — Прилог кон решението: назив и седиште на деловната единица со одредени овластувања во прометот на стоки и услуги;

39) **Образец РЛ/5А бр. 15б** — Регистарски лист: назив и седиште на деловната единица со одредени овластувања во прометот на стоки и услуги;

40) **Образец РЛ/5Б бр. 16** — Прилог кон пријавата: основни организации здружени во заедницата на основните организации на здружениот труд;

41) **Образец РЛ/5Б бр. 16а** — Прилог кон решението: основни организации здружени во заедницата на основните организации на здружениот труд;

42) **Образец РЛ/5Б бр. 16б** — Регистарски лист: основни организации здружени во заедницата на основните организации на здружениот труд;

43) **Образец РЛ/5Ц бр. 17** — Прилог кон пријавата: организации здружени во сложената организација на здружениот труд;

44) **Образец РЛ/5Ц бр. 17а** — Прилог кон решението: организации здружени во сложената организација на здружениот труд;

45) **Образец РЛ/5Ц бр 17б** — Регистарски лист: организации здружени во сложената организација на здружениот труд;

46) **Образец РЛП бр. 18** — Прилог кон пријавата: продолжение на страната;

47) **Образец РЛП бр. 18а** — Прилог кон решението: продолжение на страната;

48) **Образец РЛП бр. 18б** — Прилог кон регистарскиот лист: продолжение на страната;

49) **Образец РВЛ бр. 19** — Обвивка на регистарската влошка;

50) **Образец ПК бр. 20** — Прерграден картон на регистарската влошка за работната организација со пописот на основните организации на здружениот труд (активен дел);

51) **Образец ПК бр. 21** — Прерграден картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (активен дел);

52) **Образец ПК бр. 22** — Прерграден картон на регистарската влошка за работната организација со пописот на основните организации на здружениот труд (пасивен дел);

53) **Образец ПК бр. 23** — Прерграден картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (пасивен дел);

54) **Образец ПКЕ бр. 24** — Прерграден картон на регистарската влошка со пописот на деловните единици (активен дел);

55) **Образец ПКЕ бр. 25** — Прерграден картон на регистарската влошка за деловната единица (активен дел);

56) **Образец ПКЕ бр. 26** — Прерграден картон на регистарската влошка со пописот на деловните единици (пасивен дел);

57) **Образец ПКЕ бр. 27** — Прерграден картон на регистарската влошка за деловната единица (пасивен дел);

58) **Образец ПМК бр. 28** — Прерграден меѓукартон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (пасивен дел);

59) **Образец ПМЕ бр. 29** — Прерграден меѓукартон на регистарската влошка за деловната единица (пасивен дел);

60) **Образец ПКП бр. 30** — Продолжение на прерградниот картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (активен дел);

61) **Образец ПКП бр. 31** — Продолжение на прерградниот картон на регистарската влошка за деловната единица (активен дел);

62) **Образец ИФ бр. 32** — Именик на фирмите и називите на организациите на здружениот труд;

63) **Образец КРВЛ бр. 33** — Книга на контролникот на броевите на регистарските влошки;

64) **Образец ИР бр. 34** — Извод од судскиот регистар;

65) **Образец ИРП бр. 35** — Извод од судскиот регистар — продолжение на страната;

66) **Образец ДП бр. 36** — Депонирани потписи на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд;

67) **Образец ОЗ бр. 37** — Објавување на запишувањата во судскиот регистар.

3. Во постапката на запишувањето во судскиот регистар се употребуваат следните штембили, и тоа:

1) Штембил бр. 1 — Решение за запишувањето на пренотацијата на одлуката на основачот за усвојувањето на извештајот за завршетокот на изградбата односно на подготвителните дејствија за почетокот на работата на работната организација (член 85 став 1 точка 4 од Уредбата за запишувања во судскиот регистар на организациите на здружениот труд — во понатамошниот текст: Уредбата);

2) Штембил бр. 2 — Решение за запишувањето на пренотацијата за поведување спор и за бришење на таа пренотација (член 85 став 1 точ. 4 и 5 од Уредбата);

3) Штембил бр. 3 — Решение за запишувањето на бришењето на пренотацијата на одлуката за организирањето на основната организација на здружениот труд (член 85 став 1 точка 5 од Уредбата);

4) Штембил бр. 4 — Здружување во заедницата на основните организации на здружениот труд (член 85 став 1 точка 8 од Уредбата);

5) Штембил бр. 5 — Здружување во сложената организација на здружениот труд (член 85 став 1 точка 9 од Уредбата);

6) Штембил бр. 6 — Решение за нотацијата на редовната ликвидација — на присилното порамнување — на стечајот (чл. 57, 93 и 95 од Уредбата);

7) Штембил бр. 7 — Забелешка за жалбата (член 92 од Уредбата);

8) Штембил бр. 8 — Решение за пренотацијата на одлуката за издвојувањето на основната организација на здружениот труд од составот на работната организација (член 41 од Уредбата);

9) Штембил бр. 9 — Запишување на престанокот на организацијата на здружениот труд (чл. 86, 87 и 88 од Уредбата);

10) Штембил бр. 10 — Запишување на бришењето на работната односно на основната организација од судскиот регистар (член 59 од Уредбата);

11) Штембил бр. 11 — Бришење во книгата на регистарот на претпријатијата — на задругите — на установите (член 106 од Уредбата);

12) Гарнитура на штембилите означени со броевите од 1 до 9 и 0, што служат за ставање на бројот на регистарските влошки врз обвивката на регистарската влошка и на подброевите односно на редните броеви на прерградните картони и на соодветните регистарски листови.

Штембилите од став 1 на оваа точка ги имаат следните димензии, и тоа:

1) штембилите бр. 1 и 2 — 120 × 60 mm;
2) штембилите бр. 3, 4, 5, 6, 7, 9 и 10—90 × 50 mm;
3) штембилот бр. 8 — 120 × 80 mm;
4) штембилот бр 11 — 80 × 40 mm.

4. Обрасците наведени во точка 2 и обрасците за штембилите наведени во точка 3 на ова упатство, се отпечатени кон ова упатство и се негов составен дел.

5. Подносителот на пријавата е должен истовремено со пишувачка машина да го пополни комплетот на пријавата и прилозите кон пријавата.

Ако подносителот на пријавата поднесува барање за запишување на организацијата на здружениот труд според републичките односно покраинските прописи, барањето го запишува во празниот простор на втората страна на соодветната пријава

ците на нивните овластувања (член 84 став 1 точ. 6 и 7 од Уредбата) и другите податоци наведени во прилогот.

20. Во комплетот на прилогот кон пријавата бр. 4А (Образец РЛ/4А бр. 13) подносителот на пријавата ги запишува имињата на лицата овластени за застапување и потпишување на организацијата на здружениот труд односно на деловната единица во надворешнотрговскиот промет и границите на нивните овластувања (член 84 став 1 точ. 6 и 7 од Уредбата) и другите податоци наведени во прилогот.

21. Во комплетот на прилогот кон пријавата бр. 5 (Образец РЛ/5 бр. 14) подносителот на пријавата при запишувањето на конституирањето на работната организација ги запишува називот и седиштето на основните организации на здружениот труд и податоците во заглавјето на тој прилог.

22. Во комплетот на прилогот кон пријавата бр. 5А (Образец РЛ/5А бр. 15) запишувањето на податоците за деловните единици со одредени овластувања во прометот на стоки и услуги што се во составот на основната организација односно на работната организација што во својот состав нема основни организации на здружениот труд, се врши на истиот начин како и за комплетот на прилогот кон пријавата бр. 5.

23. Во комплетот на прилогот кон пријавата бр. 5Б (Образец РЛ/5Б бр. 16) подносителот на пријавата за запишување на заедницата на основните организации на здружениот труд ги запишува називот и седиштето на основните организации здружени во таа заедница, броевите на нивните регистарски влошки и обликот и обемот на нивната одговорност за обврските на заедницата.

24. Во комплетот на прилогот кон пријавата бр. 5Ц (Образец РЛ/5Ц бр. 17) подносителот на пријавата ја запишува фирмата и седиштето на работната организација што се здружува односно називот и седиштето на основната организација ако само основната организација на здружениот труд се здружува во сложената организација на здружениот труд, како и другите податоци од прилогот, освен податоците од колоните 8 и 9.

25. Продолжението на прилогот кон пријавата служи за запишување на податоците односно на барањата што не можат да се запишат во претходните прилози кон пријавата бр. 1, 2, 2А, 3, 4 и 4А.

Ако се користи продолжение на прилогот кон пријавата, на претходната страна на прилогот кон пријавата се запишува бројот на продолжението, а во горниот десен агол на продолжението на прилогот кон пријавата се означува бројот на прилогот кон пријавата што се продолжува со тоа продолжение.

Регистарскиот суд и судот на запишувањето на истиот начин го користат продолжението на регистарскиот лист (Образец РЛП бр. 18б).

За продолжение на прилогот кон пријавата бр. 1А, 5, 5А, 5Б и 5Ц подносителот на пријавата и судот ги користат овие исти обрасци, со тоа што продолжението да се врши со додавање на следниот реден број односно подброј.

26. При поднесувањето на пријавата за запишување на промените на податоците запишани во судскиот регистар (Образец ПП бр. 4) подносителот на пријавата е должен во соодветниот комплет на прилогот кон пријавата да го запише текстот на пријавените промени а потоа и пречистениот текст на запишаните податоци на кој се однесува пријавата.

По донесувањето на решението стариот регистарски лист судот ќе го вложи во пасивниот дел на регистарската влошка со запишување на потребните податоци врз соодветниот преграден картон за активниот дел на регистарската влошка, а на негово место во активниот дел ќе го вложи новиот регистарски лист.

27. Ако поради промена на седиштето на организацијата на здружениот труд се менува регистарскиот суд или судот на запишувањето, организацијата на здружениот труд на новиот регистарски суд му поднесува пријава за запишување на промените на податоците запишани во судскиот регистар (Образец ПП бр. 4), а кон пријавата приложува комплет на сите прилози што постоеле кај поранешниот регистарски суд или кај судот на запишувањето со исправите и доказите од член 53 од Уредбата.

Новиот регистарски суд врз основа на оваа пријава од поранешниот регистарски суд односно од судот на запишувањето ќе ја прибави регистарската влошка и збирката на исправите на организацијата на здружениот труд од став 1 на оваа точка. По споредувањето на пријавата и на регистарските листови од активниот дел и по донесувањето на решението за запишувањето во судскиот регистар, постојните регистарски листови судот ќе ги одложи во пасивниот дел на регистарската влошка, а обвивката на регистарската влошка со преградните картони од активниот дел ќе му ги врати на поранешниот суд со известување под кој број на регистарската влошка таа организација е запишана во судскиот регистар.

## III. Обрасци на регистарската влошка и на помошните книги

28. Обвивката на регистарската влошка (Образец РВЛ-бр. 19) служи за заштита на регистарските листови што се вложени во неа и за прицврстување на регистарските листови, на преградните картони и на преградните меѓукартони.

Образецот на обвивката на регистарската влошка е во формат 235×315 mm, а е изработен од прешпан-картон со двоен пластичен механизам за прицврстување на активниот и на пасивниот дел на регистарската влошка.

На обвивката на регистарската влошка се става носач со организациона лента врз кој се става бројот на регистарката влошка. Ако обвивката нема носач, бројот на регистарската влошка се става во левиот долни агол.

29. Обрасците на преградните картони се во формат 225×290 mm, а на преградните меѓукартони во формат 205×300 mm.

Текстот на образецот од став 1 на оваа точка се печати на бела бездрвна хартија 120 g.

Текстот на преградните картони ПК бр. 20 и ПК бр. 21 се печати во црвена боја.

Текстот на преградните картони ПКЕ бр. 24 и ПКЕ бр. 25 се печати во зелена боја.

Текстот на преградните картони ПК бр. 22 и ПК бр. 23, како и текстот на преградниот меѓукартон ПМК бр. 28 се печатат во сина боја.

Текстот на преградните картони ПКЕ бр. 26 и ПКЕ бр. 27, како и текстот на преградниот меѓукартон ПМЕ бр. 29 се печатат во кафеава боја.

Продолжението на преградниот картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (Образец ПКП бр. 30) служи за продолжение на Преградниот картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (активен дел) — Образец ПК бр. 21; е во формат 205 × 290 mm, а текстот на тој образец се печати на бела бездрвна пишувачка хартија 80 g во црвена боја.

Продолжението на преградниот картон на регистарската влошка за деловната единица (Образец ПКП бр. 31) служи за продолжение на Преградниот картон на регистарската влошка за деловната единица (активен дел) — Образец ПКЕ бр. 25; е во формат 205×290 mm, а текстот на тој образец се печати на бела бездрвна пишувачка хартија 80 g во зелена боја.

30. Именикот на фирмите и на називите на организациите на здружениот труд (Образец ИФ бр. 32) е во вид на картичка; е во формат 100 × 145 mm, а текстот на тој образец се печати на бела бездрвна хартија 100 g во црна боја.

31. Книгата на контролникот на броевите на регистарските влошки (Образец КРВЛ бр. 33) има 100 страни, еповрзана во тврди картонски корици во полуплатно со етикета на предната корица. Листовите во наведената книга се во формат 205×290 mm, а

текстот се печати на бела бездрвна хартија 100 g во црна боја.

32. Изводот од судскиот регистар и Изводот од судскиот регистар — продолжение на страната (Обрасци ИР бр. 34 и ИРП бр. 35) се во формат 205×290 mm, а текстот на тие обрасци се печати на бела бездрвна пишувачка хартија 50 или 60 g во црна боја.

33. Обрасците ДП бр. 36 и ОЗ бр. 37 се во формат 205×290 mm, а текстот на тие обрасци се печати на бела бездрвна пишувачка хартија 60 g во црна боја.

34. Образецот на евиденцискиот картон на организацијата на здружениот труд и начинот на неговото водење ќе се пропишат со посебно упатство.

### IV. Начин на работата на судот

35. Секоја организација на здружениот труд, освен основните организации и заедниците на основните организации на здружениот труд, при запишувањето во судскиот регистар добива број на регистарската влошка кој претставува соодветен реден број од Книгата на контролникот на броевите на регистарските влошки (Образец КРВЛ бр. 33).

36. Редните броеви во Книгата на контролникот на броевите на регистарските влошки претставуваат основни постојани броеви на регистарските влошки и за подрачјето на еден окружен стопански суд почнуваат од бројот еден и одат натаму, без оглед дали е во прашање регистарски суд или суд на запишувањето.

Од основниот број на регистарската влошка се изведуваат подброеви на организациите на здружениот труд според следниот клуч:

1XXX —XX —XX

→ Основен постојан број на регистарската влошка

→ Подброј на организацијата на здружениот труд:

— 00 — работна организација, сложена организација или друга организација на здружениот труд, освен основните организации и заедниците на основните организации на здружениот труд;

— 01 — прва основна организација односно заедница на основните организации на здружениот труд;

— 02 — втора основна организација односно заедница на основните организации на здружениот труд;

— 03 — трета основна организација односно заедница на основните организации на здружениот труд;

— и така натаму.

→ Подброј на деловната единица:

— 01 — прва деловна единица;

— 02 — втора деловна единица;

— 03 — трета деловна единица;

— и така натаму.

Подброевите на основните организации и на заедниците на основните организации на здружениот труд се добиваат од Регистарски лист: основни организации и заедници на основните организации на здружениот труд — Образец РЛ/5 бр. 14б, а подброевите на деловните единици се добиваат од Регистарски лист: назив и седиште на деловната единица со одредени овластувања во прометот на стоки и услуги — Образец РЛ/5А бр. 15б.

На пример, ако деловната единица е во составот на основната организација на здружениот труд, бројот на регистарската влошка може да биде 163-05-15, каде што бројот 163 го означува основниот постојан број на регистарската влошка, бројот 163-05 подбројот на основната организација во чиј состав се наоѓа деловната единица, а бројот 163-05-15 подбројот на деловната единица во нејзиниот состав.

Судот на запишувањето ги дава основните постојани броеви на регистарските влошки на основните организации односно на заедниците на основните организации на здружениот труд на своето подрачје според редоследот на својата Книга на контролникот на броевите на регистарските влошки, а ги задржува подброевите на основните организации односно на заедницата на основните организации на здружениот труд кои се дадени од страна на регистарскиот суд. На пример, ако бројот на регистарската влошка на регистарскиот суд е 163-05-15, бројот на регистарската влошка на судот на запишувањето може да биде 986-05-15, а основната организација на здружениот труд и деловната единица го задржуваат подбројот на регистарскиот суд.

37. Ако судот на запишувањето врз основа на применото решение на регистарскиот суд го даде основниот постојан број на регистарската влошка и изврши запишување во судскиот регистар, е должен веднаш писмено да го извести регистарскиот суд и организацијата на здружениот труд за извршеното запишување и за бројот на регистарската влошка во која е извршено запишувањето. Регистарскиот суд, по приемот на тоа известување го запишува бројот на регистарската влошка на таа организација на здружениот труд во соодветните рубрики на регистарските листови.

38. Ако се врши запишување на престанокот на организацијата на здружениот труд поради спојување, припојување или поделба (чл. 86, 87 и 88 од Уредбата), во судскиот регистар прво се запишува спојувањето, припојувањето односно поделбата, а потоа се запишува престанокот на таа организација на здружениот труд.

39. Оригиналот и преписот на решението судот ги изработува така што од соодветниот комплет на пријавата ги издвојува вториот и третиот дел („2. Оригинал на решението“ и „3. Препис на решението“) кои истовремено ги пополнува преку карбон-хартија според текстот на образецот, со тоа што во текстот ги прецртува броевите на кои не се однесува решението за запишувањето.

Обработката на прилогот кон оригиналот на решението, на прилогот кон преписот на решението и на регистарскиот лист се врши со пополнување на т. нар. ред за поврзување кој ги опфаќа следните рубрики: „Датум на запишувањето“, „Датум на претходното запишување“, „Број на претходното запишување“ и „Број на запишувањето“. Датумот на претходното запишување и бројот на претходното запишување се земаат од регистарскиот лист чии податоци со новото решение се менуваат, додека датумот на запишувањето го претставува датумот на новото решение, а бројот на запишувањето е следниот реден број што се продолжува на бројот на претходното запишување. Во горниот десен агол на регистарскиот лист, заради полесно распоредување во соодветниот дел на регистарската влошка, се заокружува соодветната кратенка, зависно од тоа на која организација се однесува регистарскиот лист: „РО“ — ако е во прашање работна организација, „ООЗТ“ — ако е во прашање основна организација на здружениот труд, а „ДЕ“ — ако е во прашање деловна единица.

40. Вложувањето на регистарските листови се врши според основниот постојан број на регистарската влошка кој, со оглед на подрачјето, може да биде број на регистарската влошка на регистарскиот суд или број на регистарската влошка на судот на запишувањето.

При вложувањето на регистарските листови, а по распоредувањето по основните постојани броеви на регистарските влошки, се врши распоредување по подброевите на основните организации на здружениот труд односно на деловните единици.

На пример, ако треба да се вложи регистарскиот лист на основната организација 163-05, тој лист се вложува во регистарската влошка со основниот постојан број 163 зад преградниот картон со подбројот 05.

При вложувањето на регистарските листови во рамките на една регистарска влошка, а по распоредувањето по подброевите на основните организации и на деловните единици, регистарските листови се распоредуваат според идентификациските броеви на регистарските листови.

41. Врз основа на податоците за важноста на регистарските листови, што се запишани во рубриките наведени во точка 39 став 2 на ова упатство, овластениот работник на судот ги вади од активниот дел на регистарската влошка претходните регистарски листови кои треба да се заменат и ги одложува на соодветното место во пасивниот дел, а новите регистарски листови ги вложува на нивното место во активниот дел на регистарската влошка според идентификацискиот број кој врз нив е отпечатен во горниот десен агол.

42. Во рамките на една регистарска влошка можат да се користат повеќе обвивки на регистарските влошки, зависно од бројот на организациите на здружениот труд односно на деловните единици во составот на организацијата на здружениот труд.

Една обвивка на регистарската влошка служи за вложување на регистарските листови на една работна организација и на најмногу десет основни организации на здружениот труд или на деловни единици во нејзиниот состав. За секои наредни десет основни организации на здружениот труд или деловни единици се користи нова обвивка на регистарската влошка под истиот број на регистарската влошка.

Ако во составот на основната организација на здружениот труд постојат деловни единици со одредени овластувања во прометот на стоки и услуги, за секои десет деловни единици се користи посебна обвивка на регистарската влошка за тие деловни единици која се обележува со бројот на регистарската влошка на основната организација на здружениот труд во чиј состав се наоѓаат тие деловни единици. За секои наредни десет деловни единици се користи нова обвивка на регистарската влошка под истиот број на регистарската влошка на основната организација на здружениот труд, но со новите подброеви на деловната единица.

Секоја обвивка на регистарската влошка за работната организација што во својот состав има основни организации на здружениот труд на почетокот содржи Преграден картон на регистарската влошка за работната организација со пописот на основните организации на здружениот труд (активен дел) — Образец ПК бр. 20 и Преграден картон на регистарската влошка за работната организација со пописот на основните организации на здружениот труд (пасивен дел) — Образец ПК бр. 22. Ова се однесува и на обвивките на регистарската влошка за деловните единици, со тоа што се користат Преградниот картон на регистарската влошка со попис на деловните единици (активен дел) — Образец ПКЕ бр. 24 и Преградниот картон на регистарската влошка со попис на деловните единици (пасивен дел) — Образец ПКЕ бр. 26.

43. Во обвивката на регистарската влошка се вложуваат соодветните регистарски листови според подброевите на организациите на здружениот труд и на деловните единици, идентификациските броеви на регистарските листови кои се отпечатени врз нив и податоците што се запишани во рубриките наведени во точка 39 став 2 на ова упатство.

Регистарските листови се делат на групи според податоците што се содржани во нив. Секој регистарски лист во горниот десен агол содржи соодветен идентификациски број (1, 1А, 2, 2А, 3, 4, 4А, 5, 5А, 5Б и 5Ц) и податоци на соодветните запишувања во судскиот регистар.

44. Регистарскиот суд односно судот на запишувањето во регистарските листови на регистарската влошка на соодветната организација на здружениот труд ги запишува, и тоа:

1) во Регистарски лист бр. 1 (Образец РЛ/1 бр. 7б) податоците од точка 14 на ова упатство и следните факти:

— прренотацијата на одлуката за издвојување на основната организација на здружениот труд од составот на работната организација (член 41 од Уредбата);

— пренотацијата за поведување спор и за бришење на таа пренотација (член 85 став 1 точка 4 од Уредбата);

— бришењето на пренотацијата на одлуката за организирањето на основната организација на здружениот труд (член 85 став 1 точка 5 од Уредбата);

— здружувањето во заедницата на основните организации на здружениот труд односно здружувањето во сложената организација на здружениот труд (само во регистарската влошка на организацијата на здружениот труд што се здружува — член 85 став 1 точ. 8 и 9 од Уредбата);

— нотацијата за отворањето на постапката на редовната ликвидација, стечајот и другите нотации што се однесуваат на присилното порамнување и стечајот (чл. 93, 94, 95 од Уредбата);

— забелешката во врска со жалбата (член 92 од Уредбата);

— престанокот на организацијата на здружениот труд поради спојување, припојување или поделба (чл. 86, 87 и 88 од Уредбата);

— пренотацијата на одлуката на основачот за усвојувањето на извештајот за завршетокот на изградбата односно за подготвителните дејствија за почетокот на работата на работната организација во основање (член 85 став 1 точка 4 од Уредбата);

— престанокот на основната организација на здружениот труд поради поделба (со ставање на соодветниот штембил врз регистарскиот лист), освен запишувањето на нотациите што се однесуваат на присилното порамнување и стечајот, кои се запишуваат со пишувачка машина);

2) во Регистарски лист бр. 1А (Образец РЛ/1А бр. 8б) податоците од точка 15 на ова упатство и следните факти:

— пренотацијата на одлуката на основачот за усвојувањето на извештајот за завршетокот на изградбата односно за подготвителните дејствија за почетокот на работата на организацијата (со ставање на Штембилот бр. 1);

— промената на основачот;

— датумот на пристапувањето на новиот основач односно датумот на истапувањето на поранешниот основач;

— здобивањето на својството на договорна страна односно престанокот на тоа својтво во договорот за деловното здружување;

3) во Регистарски лист бр. 2 (Образец РЛ/2 бр. 9б):

— дејностите со кои се занимава организацијата на здружениот труд односно нејзините делови (член 84 став 1 точка 2 од Уредбата);

4) во Регистарски лист бр. 2А (Образец РЛ/2А бр. 10б):

— обликот (видот) на надворешнотрговскиот промет на организацијата на здружениот труд (член 84 став 1 точка 4 од Уредбата);

5) во Регистарски лист бр. 3 (Образец РЛ/3 бр. 11б):

— овластувањата на организацијата на здружениот труд во правниот промет со трети лица (член 84 став 3 од Уредбата);

— одговорноста односно исклучувањето на одговорноста на организацијата на здружениот труд за обврските во правниот промет со трети лица (член 84 став 1 точка 5 од Уредбата);

6) во Регистарски лист бр. 4 (Образец РЛ/4 бр. 12б):

— имињата на лицата овластени за потпишување на организацијата на здружениот труд односно на деловните единици и границите на нивните овластувања (член 84 став 1 точка 7 од Уредбата);

7) во Регистарски лист бр. 4А (Образец РЛ/4А бр. 13б):

— имињата на лицата овластени за застапување и потпишување на организациите на здружениот труд во надворешнотрговскиот промет и границите на нивните овластувања (член 84 став 1 точка 4 од Уредбата);

8) во Регистарски лист бр. 5 (Образец РЛ/5 бр. 14б):

— називот и седиштето на основните организации односно на заедницата на основните организации во составот на работната организација и другите податоци наведени во тој регистарски лист.

Во тој регистарски лист се врши допишување на новите основни организации односно на заедниците на основните организации на здружениот труд и тој служи и за одредување на подброевите на овие организации и за нивната евиденција во рамките на регистарската влошка на работната организација;

9) во Регистарски лист бр. 5А (Образец РЛ/5А бр. 15б):

— називот и седиштето на деловната единица со одредени овластувања во прометот на стоки и услуги и другите податоци наведени во тој регистарски лист

Во тој регистарски лист се врши допишување на новите деловни единици во составот на основната организација на здружениот труд односно на работната организација што во својот состав нема основни организации, а тој служи и за одредување на подброевите на овие деловни единици и за нивната евиденција во рамките на регистарската влошка на основната организација односно на работната организација;

10) во Регистарски лист бр. 5Б (Образец РЛ/5Б бр. 16б):

— називот и седиштето на основната организација здружена во заедницата на основните организации на здружениот труд;

— обликот и обемот на нивната одговорност за обврските на заедницата, за пристапувањето на нови основни организации и за истапувањето од заедницата и другите податоци наведени во тој регистарски лист.

Тој регистарски лист се вложува во регистарската влошка на заедницата на основните организации на здружениот труд;

11) во Регистарски лист бр. 5Ц (Образец РЛ/5Ц бр. 17б):

— фирмата односно називот и седиштето на организацијата на здружениот труд што се здружува во сложената организација на здружениот труд;

— обликот и обемот на одговорноста на здружените организации за обврските на сложената организација, бројот и датумот на самоуправната спогодба за здружувањето во сложената организација, пристапувањето односно истапувањето од сложената организација и другите податоци наведени во тој регистарски лист. Тој регистарски лист се вложува во регистарската влошка на сложената организација на здружениот труд кај регистарскиот суд.

45. Заради вложување во активниот дел односно одложување во пасивниот дел на регистарската влошка, во соодветните рубрики на редот за поврзување на регистарскиот лист, се запишуваат датумот на претходното и на сегашното запишување и бројот на претходното и на сегашното запишување.

46. Преградните картони служат за одложување на регистарските листови и се делат на преградни картони на регистарската влошка за организациите на здружениот труд и на преградни картони за деловните единици, со тоа што во рамките на секоја група се разликуваат преградните картони на активниот дел и преградните картони на пасивниот дел на регистарската влошка.

Преградните картони служат за одвојување на регистарските листови на поодделните организации на здружениот труд или на деловните единици во рамките на една регистарска влошка. Во пасивниот дел на регистарската влошка се употребуваат и преградните меѓукартони со кои внатре во поодделните преградни картони по организациите на здружениот труд и по деловните единици регистарските листови се одвојуваат и според идентификациските броеви на регистарските листови односно податоците во редот за поврзување.

47. Во Преградниот картон на регистарската влошка за работната организација со пописот на основните организации на здружениот труд (активен дел) — Образец ПК бр. 20 се запишуваат: основниот број на регистарската влошка со подброевите, називот и седиштата на основните организации односно на заедниците на основните организации на здружениот труд и во тој преграден картон можат да се запишат десет основни организации односно заедници на основните организации на здружениот труд во составот на работната организација. Во образецот на преградниот картон се отпечатени подброевите од 1 до 9 и 0 за да се внесуваат по потреба соодветните бројки на десетиците, и тоа со штембилот на броевите од 1 до 9 и 0. Преградниот картон се изрежува отстрана по отпечатената линија така што на изрежаното јазиче да остане натписот „ОЗТ".

48. Во заглавјето на Преградниот картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (активен дел) — Образец ПК бр. 21 се запишува фирмата односно називот и седиштето на организацијата на здружениот труд со бројот на регистарската влошка. Овој преграден картон служи за евиденцијата на вложувањата на важечките регистарски листови во активниот дел односно за одложувањата на заменетите регистарски листови во пасивниот дел и за запишување на другите податоци во рубриките на тој преграден картон. Ако се врши замена на регистарскиот лист поради донесување на ново решение, во колоната 6 се запишува датумот на новото решение, а потоа во колоната 1 се запишува бројот на регистарскиот лист што е заменет, во колоните 3 и 4 бројот и датумот на новото решение, а во колоните 5 и 7 овластениот работник на судот го става својот потпис.

Во образецот на Преградниот картон од став 1 на оваа точка од десната страна се отпечатени броевите од 1 до 9 и 0 за да се внесуваат по потреба соодветните бројки на десетиците со штембилот од гарнитурата на броевите. Кај работните и кај сложените организации на здружениот труд и кај другите организации за кои е пропишана обврската за запишување во судскиот регистар, освен основните организации и заедниците на основните организации на здружениот труд, во празниот простор над бројот 1 се внесува и нивниот подброј 00. Преградниот кар-

тон се изрежува отстрана по отпечатената линија така што на изрежаното јазиче да остане подбројот на соодветната организација на здружениот труд на кој овој прерграден картон се однесува и подброевите до тој број.

Ако се пополни овој преграден картон, не се зема нов преграден картон од ист вид туку се употребува Продолжение на преградниот картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (активен дел) — Образец ПКП бр. 30.

49. Преградните картони на организацијата на здружениот труд што се употребуваат во пасивниот дел на регистарската влошка се:

1) Преграден картон на регистарската влошка за работната организација со пописот на основните организации на здружениот труд (пасивен дел) — Образец ПК бр. 22. За тој преграден картон важи одредбата на точка 48 од ова упатство;

2) Преграден картон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (пасивен дел) — Образец ПК бр. 23. За тој преграден картон важат одредбите од точка 46 став 2 и точка 48 став 1 од ова упатство.

50. Преградните картони на деловните единици (Обрасци ПКЕ бр. 25, 26 и 27) имаат иста намена како и соодветните преградни картони на организацијата на здружениот труд и за нив важат одредбите на точка 48 ст. 1 и 2 и на точка 49 од ова упатство, со тоа што за продолжение на тој преграден картон се употребува Продолжение на преградниот картон на регистарската влошка за деловната единица (активен дел) — Образец ПКП бр. 31.

51. Преградните меѓукартони во пасивниот дел на регистарската влошка служат за одвојување на поодделни регистарски листови според идентификациските броеви внатре во преградните картони по организациите на здружениот труд или по деловните единици.

Преградните меѓукартони се:

1) Преграден меѓукартон на регистарската влошка за организацијата на здружениот труд (пасивен дел) — Образец ПМК бр. 28. Овој меѓукартон на горниот раб има отпечатени броеви 1, 2, 3, 4, 2А и 4А, кои ги означуваат идентификациските броеви на регистарските листови што зад нив се одложуваат кога ќе се променат податоците што во нив се содржани. Меѓукартонот се изрежува по отпечатената линија така што на изрежаното јазиче да остане соодветниот идентификациски број на регистарската влошка;

2) Преграден меѓукартон на регистарската влошка за деловната единица (пасивен дел) — Образец ПМЕ бр. 29 За овој меѓукартон важи одредбата под 1 на овој став.

52. Исправите наведени во член 99 од Уредбата што се приложуваат кон поодделните пријави за запишувањата предвидени во главите II, IV и V од Уредбата и кон поодделните пријави за запишувањето на промените предвидено во главата III од Уредбата се издвојуваат од предметот и се одложуваат во збирката на исправите по донесувањето на решението за запишувањето.

Одложувањето на исправите се врши одвоено за секоја организација на здружениот труд, а внатре во организацијата на здружениот труд — за секоја основна организација на здружениот труд или за посебната единица на работната организација во основање.

На истиот начин се одложуваат и исправите за заедницата на основните организации на здружениот труд, за сложената организација на здружениот труд, за организацијата на деловното здружување, за банките и за другите организации што според законот се запишуваат во судскиот регистар.

Издвојувањето на исправите од предметот се врши врз основа на наредбата на судијата, додека самото издвојување се означува во списот со потписот на овластениот работник на судот.

Издвоените исправи се одложуваат во папка или во погодни кутии кои имаат иста ознака како и регистарската влошка во која е извршено запишувањето.

Врз самата исправа се ставаат ознаката на регистарската влошка и бројот на предметот во кој таа била приложена.

Ако е изјавена жалба или е поднесено барање за заштита на законитоста против решението за запишувањето, на надлежниот повисок суд му се доставува и делот на збирката на исправите што се однесува на оспореното запишување заедно со другите исправи и докази што останале во предметот. Овој дел на збирката на исправите се издвојува од збирката на исправите, а во спроводниот извештај се наведува кои исправи се доставуваат кон предметот.

По донесувањето на одлуката за изјавената жалба односно за поднесеното барање за заштита на законитоста, исправите што биле издвоени повторно се одложуваат во збирката на исправите.

## V. Преодни одредби

53. Сите постојни работни организации, сложени организации и други работни организации врз кои се применува Уредбата, при преведувањето и запишувањето во новиот судски регистар (член 101 од Уредбата) и по запишувањето на конституирањето според чл. 102 и 103 од Уредбата, добиваат нови броеви на регистарската влошка и се евидентираат во Книгата на контролникот на броевите на регистарската влошка, а во постојните регистри по пат на Штембилот бр. 11 се запишува бришењето на овие организации со означување на бројот на регистарската влошка под кој се запишани во новиот судски регистар (член 106 од Уредбата).

54. Ако судот извршил запишување на конституирањето на организацијата на здружениот труд по влегувањето во сила на Уредбата во постојните регистри (член 101 став 3 од Уредбата), ќе изврши преведување во новиот судски регистар така што за тие организации ќе формира регистарска влошка со регистарски листови на начинот пропишан со ова упатство.

